**Елаборат: Водици во с. Битуше**

**Категорија:** Нематеријално културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

**Статус:** Одлука за прогласување на нематеријално културно наследство Бр.45-8858/1 од 26 ноември 2019 г.

**Година на изработка:** 2012

**Главен истражувач:** д-р Ели Луческа

**Соработници:** вон. проф. д-р Јоана Ренкас

**Опис на културното добро:** Празнувањето на Водици во с. Битуше има свои посебни карактеристики кои се јавуваат исклучително како локално обележје: 1. Обредни лица се кумстарките, односно женската популација од селото, а кумовите (мажите) оваа улога ја имаат само вечерта на 17-ти, кога го носат крстот во манастирот "Св. Јован Бигорски" и на 18-ти (Водопост), кога со светената вода и крстот ги обиколуваат домаќинствата во селото; 2. Празнично-обредниот комплекс вклучува седум (7) дена (13-14, 17-20, 31 јануари), што не е случај со празнувањето на Водици во другите населени места во Македонија, каде најчесто се празнува два, односно еден ден; 3. Кумстарките (околу 160-170 на број), од највозрасната до најмалата (девојче, девојка, невеста, омажена жена во зрело и поодминато доба), се облечени во комплетна празнична народна носија со сите украсни елементи (која потекнува од крајот на 19 до средината на 20 век); 4. Репертоарот на водичарски песни е богат и се состои од вкупно девет (9) песни со различна тематска насоченост; 5. Се изведува едно водичарско оро и едно т.н. „немо" оро (по потреба) во дворот на црквата на 19 јануари; 6. Обредни реквизити - два сребрени крста (кои најверојатно се изработени кон крајот на 19-от и почетокот на 20-от век), котлиња за светена вода, карти за вино, сучени врвци - мартинки од бел и црвен конец, стап (бастун), „табли"/кошници.